# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ, ЖИВОТНА СРЕДИНА И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

**ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА ДООЕЛ СКОПЈЕ** е организација која е целосно посветена на примена на квалитетот како систем на работа. Уште од самиот почеток на работењето сме во потрага за нови решенија во областа на управувањето со отпад. Високиот степен на системот за управување со квалитет, животна средина и безбедност и здравје при работа е темел на работењето и постојаното унапредување на организацијата.

Примарна цел на организацијата е да ги задоволи потребите на клиентите и нивните очекувања преку нудење квалитетни услуги. Системот за управување со квалитет, животна средина и безбедност и здравје при работа континуирано се надгледува и унапредува со цел да бидат исполнети политиката и целите на организацијата.

Целите на **ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА ДООЕЛ СКОПЈЕ** се:

- Континуирано подобрување, контрола и следење на квалитетот на услугите во согласност со очекувањата на нашите клиенти, законските барања и трендовите за превземање, селектирање и рециклажа на разни видови на отпад,
- Заштита на работната околина и чување на ресурсите и инвестициите на најдобар можен начин,
- Континуирана соработка со добавувачите, клиентите и подизведувачите и почитување на пропишаните светски стандарди за превземање, селектирање и рециклажа на разни видови на отпад,
- Поставување и остварување на високи цели и стандарди кои позитивно ќе се одразат на имиџот на компанијата,
- Исполнување на барањата на Законската регулатива,
- Креирање на деловен систем за квалитет ориентиран кон пазарот и клиентите,
- Прилагодување и анализирање на потребите на пазарот со цел да се подобри и зацврсти имиџот на фирмата,
- Превземање на корективни мерки за постојано унапредување на квалитетот на услугите,
- Идентификување и елиминирање на сите ризици и недостатоци кои што може да доведат до губење на довербата на клиентите и до намалување на профитот,
- Континуирана обука и едукација на вработените,
- Минимизирање на испуштањето на отпадни материи во околината и емисии во воздухот, со контрола на загадувањето, и каде што е можно намалување, рециклирање и повторно искористување на отпадот,
- Континуирана соработка со надлежните организации и институции за заштита, унапредување и развој на животната средина,
- Развој на нови технологии на градење согласно највисоките светски стандарди кои го минимизираат негативното влијание на животната средина,
- Политика на нашата фирма е работата да се извршува на најбезбеден начин согласно светките стандарди за безбедност при работа,
- Идентификување на секоја потенцијална опасност по безбедноста на работниците,
- Постојана посветеност на нашиот тим кој е задолжен за безбедноста за следење на сите процеси во работењето на местото каде се изведуваат работите,
- Одржување и континуирано подобрување на воспоставените системите за квалитет, животна средина и безбедност и здравје при работа, според барањата на меѓународните норми ISO 9001:2015, ISO 14001:2015 и ISO 45001:2018.

**Во Скопје 15.02.2024 година**

**Управител**